Врз основа на чл.8 од Правилникот за изборот, разрешувањето, надлежноста и работата на Студентскиот Правобранител на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.142 од 18.06.2009 година и 06.07.2009 година и Статутот на Студентскиот Парламент на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ од Скопје, Студентскиот Правобанител распишува:

**К О Н К У Р С**
**за избор на заменик на Студентски Правобранител**
**на Факултетот за драмски уметности**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Студентскиот Правобранител има заменици, по еден од секоја единица во состав на Универзитетот, кои ги избира Студентскиот Правобранител на Универзитетот, за период од две години, без право на повторен избор.

Кандидатите ги доставуваат потребните документи до Студентскиот Парламент на Универзитетот или до Деканатот на факултетот кој по истек на определениот рок за поднесување документ, сите кандидатури ги доставува до Студентскиот Правобранител на натамошно разгледување.

Замениците се бираат во постапка која ја иницира Студентскиот Правобранител на Универзитетот, а ја спроведува Студентскиот Парламент на Универзитетот согласно член 8 од Правилникот.

## II. УСЛОВИ ЗА ИЗБОР

Пријавениот кандидат треба да ги исполнува следните услови:

2.1. да е редовен студент со просечна оцена на студии од минимум 7,00
2.2. да има завршено најмалку втор семестар
2.3. да има организациски способности и способности за комуникација

Конкурсот трае од 25.10.2012 година (четврток) до 01.11.2012 година (четврток) до 16 часот.

Кандитатите потребните документи кои потврдуваат исполнување на наведените критериуми да ги достават во просториите на Студентскиот Парламент на Универзитетот или до Деканатот на Факултетот.

Заменикот на Студентскиот Правобранител треба да помага во спроведувањето на постапките пред Студентскиот Правобранител на Универзитетот кои се однесуваат на единица на Универзитетот, да делува по налог на студентскиот Правобранител на Универзитетот во решавањето на проблемите и споровите меѓу студентите и органите на факултетот, реализацијата на програмата за работа како и во превенција на проблемите.

За подетални информации обратете се на маил адресата на Студентскиот Правобранител: st_pravobranitel@ukim.edu.mk или на www.spukm.edu.mk

**Скопје,**
**24.10.2012 година**

**Студентски Парламент**
**на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“**
**во Скопје**